**ДОГОВОР**
**ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Склучен на ден __.__.____ година, помеѓу:

1. Друштво за трговија, промет и услуги С-Енерџи Трејдинг ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Даме Груев“ бр.16-1, кат 4/локал 10, Скопје – Центар, со ЕМБС 7831617 и ЕДБ 4080025629750, застапувано од Управителот Ерен Бахадир, од една страна на договорот како Снабдувач

2. ______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
(Назив, Седиште, ЕМБС, ЕДБ, законски застапник), од друга страна на договорот како Потрошувач

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ**

Член 1

(1) Предмет на овој Договор е снабдување со електрична енергија, со кој Снабдувачот се обврзува на Потрошувачот да му ги испорача на местото на испорака потребните количини на електрична енергија со пропишан квалитет, а Потрошувачот се обврзува на Снабдувачот да му ја плати преземената електрична енергија според мерењата извршени од операторот на системот на кој е приклучен Потрошувачот, согласно условите и роковите утврдени со овој Договор.

**СТАПУВАЊЕ НА СИЛА И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 2

(1) Овој договор стапува на сила со денот на почетокот на испораката на електричната енергија од Снабдувачот на Потрошувачот и е со важност од 12 месеци.
(2) Период на испорака:

- Започнување на испорака: ___________ во 00:00 часот
- Завршување на испорака: ____________ во 23:59 часот

**СНАБДУВАЊЕ И ОТЧИТУВАЊЕ НА МЕРНИТЕ МЕСТА**

Член 3

(1) Со склучување на овој договор, Снабдувачот се обврзува да му ги испорачува потребните количини електрична енергија на Потрошувачот, која ќе биде евидентирана на мерните места на Потрошувачот.

(2) Мерењето на испорачаната електрична енергија ќе го врши Операторот на електро-дистрибутивниот систем/Операторот на преносниот систем преку мерни уреди кои ги

вградува, одржува, контролира и менува согласно закон и Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
(3) Отчитувањето на мерните уреди, Операторот на електро-дистрибутивниот систем/Оператор на преносниот систем ги доставува до Снабдувачот.
(4) Во взаемна соработка и согласност со Потрошувачот, Снабдувачот го задржува правото во иднина да постави свои мерни уреди, за евентуални подетални анализи.

Член 4

(1) Мерните места преку кои Снабдувачот го снабдува Потрошувачот со електрична енергија се утврдени во списокот на мерни места даден како прилог на овој Договор.
(2) Потрошувачот се обврзува истовремено да ги извести Операторот на електро-дистрибутивниот систем/Операторот на преносниот систем и Снабдувачот, во случај на потреба од пријавување на нови мерни места, промена на корисникот на мерните места, промена на тарифната категорија на мерните места или одјавување на користени мерни места, во рок не подолг од 3 дена од денот на настанатата потреба за промена, при што Потрошувачот одговара за законитоста и точноста на доставената документација и податоци. Во ваков случај, договорните страни се согласни да го изменат списокот на мерни места на Потрошувачот, без притоа да се менува договорот, а изменетиот список ќе се смета како прилог и составен дел кон овој договор.
(3) Одјавување на последното мерно место на Потрошувачот, ќе се смета за раскинување на овој договор по барање на Потрошувачот.

## ЦЕНА И ПЛАЌАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 5

(1) Нето цената на електричната енергија со која се снабдува Потрошувачот е наведена во прифатената понуда, која се смета за составен дел од овој договор и изнесува: _____**ЕУР/MWh**. Договорената цена за електрична енергија е фиксна и непроменлива за целото времетраење на овој Договор согласно член 2 став 2 од истиот. Финалната пресметка на вкупниот надомест за испорачана електрична енергија се врши врз основа на реално потрошените количини електрична енергија, утврдени согласно податоците обезбедени од надлежниот оператор на дистрибутивниот односно преносниот систем, при што се применува договорената единечна цена по MWh утврдена со овој договор.
(2) Фактурирањето и плаќањето ќе се врши во денарска противвредност, пресметана по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија кој важи на последниот ден од пресметковниот период.
(3) Цената на електричната енергија е без вклучен данок на додадена вредност, кој во месечните сметки (фактури) ќе биде посебно пресметан и искажан и тоа за секој надоместок одделно (и тоа: Надоместок за повластени производители и надоместок за користење на пазарот, како и останати трошоци утврдени од надлежен орган).
(4) Согласно прифатената понуда, во цената се вклучени следните елементи:

- Испорачана енергија
- Сите увозни царини и трошоци
- Трошоци за балансирање на потрошувачка

- Најава и физички номинации кон МЕПСО

(5) Тарифите за Организирање на пазарот на електрична енергија (ОППЕ), за надомест за обновлива енергија (ОЕ), ги утврдува Регулаторна Комисија за Енергетика, односно Операторот на електропреносниот систем и трошоците кои произлегуваат од овие Тарифи, не се вклучени во нето цената, истите ќе се наплаќаат на месечно ниво, заедно со фактурите за потрошена електрична енергија.
(6) Во фактурите за потрошена електрична енергија, ќе бидат содржани следните елементи:

- Потрошена електрична енергија
- Тарифата за организирање на пазарот на електрична енергија (ОППЕ)
- Надомест за обновлива енергија (ОЕ)
- Други надоместоци или давачки определени со закон или акти на надлежни органи, а за кои Снабдувачот навремено ќе го информира Потрошувачот.

(7) Пресметковниот период изнесува еден календарски месец.

Член 6

(1) Снабдувачот ќе му издава фактура на Потрошувачот за потрошената електрична енергија за соодветниот пресметковен период, како што ќе биде отчитано на мерните места на Потрошувачот, во рок од 10 дена од денот на прием на податоците од мерните уреди добиени од операторот, односно најдоцна во рок од 20 дена по завршување на пресметковниот период.
(2) Најавата на потрошувачката на електрична енергија кон операторот на пазарот во име на Потрошувачот ја врши Снабдувачот без надомест.
(3) Договорните страни се согласни месечните фактури Снабдувачот да му ги доставува на Потрошувачот преку електронска пошта на следната електронска адреса: ________________________________________. Овој начин на достава претставува редовна достава на фактурата и ќе се смета за валиден и обврзувачки за Потрошувачот.
(4) Доколку Потрошувачот не ја добие фактурата до 20-тиот ден по истекот на пресметковниот период, истиот се обврзува веднаш за тоа да го извести Снабдувачот и да побара препис од фактурата, а Снабдувачот е должен преписот да го достави до Потрошувачот во рок не подолг од 2 работни дена по прием на известувањето.
(5) Потрошувачот се обврзува издадените фактури да ги плати во целост, најдоцна до последниот ден од месецот што следи по месецот за кој се однесува пресметковниот период.
(6) Потрошувачот има право на приговор на фактурата за електрична енергија во рок од 8 дена по приемот на истата. По поднесениот приговор, Снабдувачот постапува во согласност со Правилата за снабдување со електрична енергија. Приговорот не го одложува плаќањето на фактурата. Доколку приговор не е поднесен, се смета дека фактурата не е спорна и Потрошувачот е должен навремено да ја плати.
(7) Во случај на доцнење на плаќање на фактурите, Снабдувачот ќе наплаќа законска казнена камата согласно Законот за облигационите односи, сметано од денот на доспевање на фактурата, до денот на конечната исплата. Доколку Потрошувачот не изврши плаќање за потрошената електрична енергија или било која договорна обврска во роковите утврдени со Договорот, Снабдувачот има право да го прекине снабдувањето со електрична енергија и/или да го раскине Договорот за снабдување.

Член 7

(1) Снабдувачот се обврзува дека:

- ќе врши снабдување на Потрошувачот со договорената количина на електрична енергија до местата на испорака на електрична енергија;

- да ги утврди потребите на Потрошувачот за електрична енергија за договорниот период врз основа на анализата на историската потрошувачка на електрична енергија на Потрошувачот, а која количина ќе биде предмет на овој договор. Договорните количини се од индикативна природа и не претставуваат репер за задолжително потрошена количина на електрична енергија во договорниот период од страна на Потрошувачот;

- ја превзема одговорноста за балансирање на потрошувачката на електричната енергија на местата на испорака наведени во Прилог 1 која е составен дел од овој договор;

- ја превзема обврската за предвидување и планирање на потрошувачката на електричната енергија на Потрошувачот, а во однос на неговите потреби за договорениот период;

- ја превзема обврската за порамнување на отчитаните и реално потрошени количини на електрична енергија за дадениот период на отчитување на местата на испорака на Потрошувачот, а кои се основа за изработка на месечна фактура;

- ќе изготвува месечна фактура на Потрошувачот за реално потрошена електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената по MWh/kWh, врз основа на податоците добиени од соодветниот оператор на систем;

- ќе му доставува месечна фактура на Потрошувачот за потрошената електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената за MWh/KWh;

- За сите планирани прекини за кои носителот на набавката ќе биде известен од страна на дистрибутивниот систем оператор, има обврска благовремено да го извести Потрошувачот. Дополнително, за сите непланирани прекини, Снабдувачот, ќе го информира Потрошувачот во духот да добрите партнерски односи, како штетите би се свеле на минимум. Сите штети кои би можеле да настанат како резултат на гореспоменатите прекини ќе бидат регулирани согласно Правилата за снабдување и Мрежните правила на РСМ,

- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој договор ќе ги чува како деловна тајна и

- своите обврски ќе ги врши стручно и совесно, а со цел да обезбеди квалитетна услуга за Потрошувачот и

-Доколку Потрошувачот доцни со плаќање на фактурата во определниот рок, Снабдувачот со доставување на изјава до Потрошувачот има право да побара еднострано раскинување на договорот, при што во таков случај договорните страни се согласни дека Снабдувачот нема никакви дополнителни обврски (договорна казна, надомест на штета и сл.) спрема Потрошувачот, кои обврски произлегуваат од спроведувањето на овој договор.

(2) Потрошувачот се обврзува дека:

- ќе купува електрична енергија од Снабдувачот за времетраењето на овој договор;

- ќе ја плаќа договорната цена за електрична енергија согласно отчитаните реални количини на електрична енергија за дадениот период според условите предвидени во овој договор, независно дали таа енергија е потрошена за целите на Потрошувачот, или од трети лица, кои се поврзани на внатрешната мрежа на Потрошувачот после местата на испорака, се тоа согласно издадената фактура од страна на Снабдувачот;

- ќе му ги доставува на Снабдувачот сите потребни податоци од мерните апарати и мерните места, а со цел Снабдувачот да има можност да изготвува веродостојни анализи и предвидувања за потрошувачка на електрична енергија на Потрошувачот за договорениот период;

- во најкус можен рок во рамките на денот да го известува Снабдувачот за било какви промени или проблеми во процесот на користење на електрична енергија, за работи од кои зависи услугата која ја обезбедува Снабдувачот, а истите се од заемен интерес за Договорните страни;
- ќе го извести Снабдувачот за било каква промена на адресата за доставување на фактури, промена на бројот и местоположбата на мерните места, и други промени поврзани со начинот на исполнување на договорните обврски во рок од 3 дена од настанувањето на промената;
- нема да го попречува снабдувањето на други потрошувачи;
- нема да го оштетува или на друг начин да го манипулира броилото;
- ќе ги исполнува своите обврски согласно Законот за енергетика и Правилата за снабдување со електрична енергија;

- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој договор ќе ги чува како деловна тајна.

-Во согласност со Законот за Енергетика, подзаконските акти и Правилата за снабдување со електрична енергија, Потрошувачот има право на надомест на штета, во случај на лош квалитет на услугите.

Член 8

(1) Потрошувачот се обврзува да го извести Снабдувачот за промена на динамиката на потрошувачката на електрична енергија и тоа: во услови на несакани хаварии или дефекти, веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од настанувањето, а во случај на планирани ремонти или планирани редукции во потрошувачката поради колекривни годишни одмори или верски празници и слично, најмалку 5 дена пред настанување на планираниот прекин.

(2) Доколку Потрошувачот не го извести навремено Снабдувачот за промена на динамиката на потрошувачката на електрична енергија согласно утврдените рокови во претходниот став на овој член, истиот ќе биде должен да му исплати на Снабдувачот договорна казна во износ од 20% од просечната месечна потрошувачка.

**ИЗВРШНА КЛАУЗУЛА**

Член 9

(1) Договорните страни изрично изјавуваат дека се согласни овој договор да има сила на извршна исправа, па во случај на неисполнување на договорните обврски, како што е предвидено во овој член подолу, да можат самостојно да спроведат присилно извршување заради парично и непарично намирување, пред надлежен орган - извршител согласно Законот за извршување и другите позитивни законски прописи, веднаш по безуспешното настапување на договорените услови (клаузула на извршност).
(2) Заради избегнување на било какви недоразбирања, договорните страни се согласни дека:

- Потрошувачот може да спроведе присилно извршување, врз основа на овој Договор како извршна исправа, и да го наплати побаруваниот износ, за секое доспеано, а ненаплатено побарување кое произлегува од договорните обврски на Снабдувачот, согласно овој Договор.
- Снабдувачот може да спроведе присилно извршување, врз основа на овој Договор како извршна исправа, и да го наплати побаруваниот износ, за секое доспеано, а ненаплатено побарување кое произлегува од договорните обврски на Потрошувачот, согласно член 5, 6 и 7 од овој Договор.

(3) Договорните страни може да ја активираат извршната клаузула дефинирана во овој член, односно да спроведат присилна наплата, исклучиво со писмена изјава нотарски заверена и со доставено писмено известување до другата договорна страна за активирање на извршната клаузула.

**ОГРАНИЧУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИН НА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО СЛУЧАЈ НА ВИША СИЛА ИЛИ НАСТАНИ НА ПРЕКИН**

Член 10

(1) Во случај на природни појави, настани и околности што претставуваат виша сила (земјотрес, поплава, пожар, јавни немири, демонстрации, воени конфликти и сл.) или настани на прекин (непланирано намалување или прекин на капацитетот на оптоварување како резултат на технички причини и појави во високонапонските мрежи од изворот на енергија до местото на испорака), односно настани кои Снабдувачот не може да ги контролира, предвиди, или надмине (настани надвор од контрола на Снабдувачот), Снабдувачот има право да бара од Потрошувачот да ја ограничи (намали) или прекине потрошувачката на електричната енергија со цел да се зачува интегритетот и стабилноста на електроенергетскиот систем, согласно законот за енергетика.
(2) Во случај на вонреден настан, кој се случил по склучувањето на Договорот, а пред пристигнување на обврската за чие настанување Снабдувачот не одговара, а кој во времето на склучувањето на Договорот, Снабдувачот не можел да го предвиди, ниту можел да го спречи, избегне или отстрани (виша сила), снабдувањето може да биде прекинато или ограничено до надминувањето на настанатиот вонреден настан.
(3) Договорната страна која не е во состојба да ги исполни своите договорни обврски поради настанување на причини на Виша сила, истата е должна за тоа да ја извести другата договорна страна без одлагање, со што ќе биде ослободена од одговорност за неисполнување на своите обврски.

**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ**

Член 11

(1) Договорните страни се согласни дека овој Договор може да се раскине спогодбено или еднострано од секоја договорна страна, со доставување на писмено известување со отказен рок од 30 денови.

(2) Потрошувачот може да побара раскинување на договорот пред истекот на времето за кое е склучен, со доставување на писмено барање до снабдувачот (пропишан образец на снабдувачот и јавно објавен на неговата веб страна) и со почитување на отказен рок од најмалку 45 дена пред датумот на прекин на снабдување.

(3) Во случај на предвремено раскинување на договорот по барање на Потрошувачот, истиот се обврзува во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за раскинување да му плати на Снабдувачот договорна казна во еднократен надомест во висина од 20% од вкупната потрошувачка на електрична енергија изразена во MWh остварена на соодветното мерно место во последните 12 (дванаесет) месеци пред денот на поднесување на барањето за раскинување, помножена со бројот на месеци што преостануваат до истекот на договорот, пресметано по договорената цена за 1 MWh согласно член 5 од овој договор.

Доколку за мерното место не постојат податоци за потрошувачка за претходните 12 месеци (вклучително и во случај на новооснован Потрошувач или ново приклучено мерно место), договорната казна се пресметува врз основа на договорената или проценетата годишна потрошувачка утврдена во овој договор, а доколку таква не е утврдена – врз основа на проценка изготвена согласно податоци од операторот на дистрибутивниот/преносниот систем или надлежен орган.

(4) Договорот може да се раскине пред истекот на времето за кое е склучен, по писмено барање на Снабдувачот, доколку Потрошувачот не ги исполнува договорните обврски, со отказен рок од 30 дена. Отказот или раскинувањето на договорот од страна на Снабдувачот, не го ослободува Потрошувачот од исполнување на обврските за плаќање на испорачаната електрична енергија на Снабдувачот, надомест на штета и други обврски.

**ЗАВРШНИ И ДРУГИ ОДРЕДБИ**

Член 12

(1) Потрошувачот го овластува Снабдувачот во име на Потрошувачот, а за потребите за заштита и имплементирање на неговите права и интереси, да презема активности кон Операторот на дистрибутивен систем/ Оператор на преносниот систем согласно позитивно-правната регулатива, а особено Законот за енергетика, Правилата за снабдување со електрична енергија и останатите законски и подзаконски акти кои ја регулираат материјата што е предмет на овој договор.

Член 13

(1) За меѓусебна комуникација, покрај адресите наведени кај податоците за договорни страни во Договорот, Потрошувачот и Снабдувачот се согласни да ги користат следниве контакт податоци:

За Снабдувачот: За Потрошувачот:

Тел. +389 Тел:

+389
Факс: +389 Факс:
E-mail: E-mail:

(2) За секоја промена на податоците од овој Договор, како и за секоја промена која се однесува на Потрошувачот, а која може да влијае на овој Договор, Потрошувачот е должен да го извести Снабдувачот во рок од 5 дена од денот на настанување на промената.

Член 14

(1) За се што не е уредено со овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за енергетика и останатите важечки законски и подзаконски акти и прописи во РСМ.
(2) Во случај на правни ограничувања, измени во правниот основ или било какви противречности со законските одредби, засегнатата договорна страна ќе ја извести другата договорна страна писмено и ќе подготви анекс за измена на Договорот, така што истите ќе бидат во согласност со променетите околности.
(3) Доколку, во било кое време, било која одредба од Договорот или неговите составни делови е или стане незаконска, неважечка или неприменлива, законитоста, важноста и применливоста на останатите одредби нема да биде засегната или нарушена.
(4) Договорните страни ќе ја заменат било која незаконска, неважечка или неприменлива одредба со законска, важечка и применлива одредба што ќе биде колку што е можно поблиска до неважечката одредба во однос на нејзиното економско значење.
(5) Одредбите, условите и роковите наведени во Договорот ќе се сметаат доверливи и ниедна договорна страна нема да ги открие таквите информации на трети страни.
(6) Потрошувачот нема да пренесе никакви права или обврски според Договорот без претходна писмена согласност од Снабдувачот. Потрошувачот нема право да ги задржи или намали плаќањата или да ги пребие постојните и идните побарувања од било какви плаќања што треба да ги плати соглсано Договорот или според било кој друг договор што Потрошувачот може да го има со Снабдувачот или некоја од неговите подружници, и се согласува да ги плати износите според Договорот, без оглед на било какво пребивање на кое може да има право. Снабдувачот има право да пренесе било кое побарување според Договорот на која било трета страна заради нивна наплата, без согласност на Потрошувачот.

Член 15

(1) Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.
(2) Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.
(3) Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на договороза изменување и дополнување на основниот договор или анекс кон истиот.
(4) Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 16

(1) Евентуалните спорови во врска со реализацијата на овој договор, договорните страни ќе се обидат да ги решат спогодбено и по мирен пат. Во спротивно, надлежен ќе биде Основниот Граѓански суд Скопје.

Член 17

(1) Договорот е склучен во два еднакви примерока, по еден примерок за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

| | |
|---|---|
| За Снабдувачот: | За Потрошувачот: |
| ______________________ | ____________________ |